08-1857/2
21-10-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

Одлука

Постапката по предметот со број 08-1857/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1857/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1857/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ____________________ по престанок на функцијата член на ______________________________________________________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во „Службен весник на РСМ", по што констатира дека лицето ____________________ е разрешена од вршење на функцијата член на ______________________________________________
со Решение бр.14-10367/1 од 16.10.2024 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во Службен весник на РСМ бр.220/24.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси лицето не е опфатено во член 82 став 1 и во однос на тоа нема законска обврска да поднесе Изјава

за имотна состојба и интереси и не може да му се изрече прекршочна санкција за прекршок сторен согласно член 82 став 3.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.
Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: К.Б., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk